**Прилог број 75**

**П Р О Т О К О Л**
**ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ**

1. По објавување на Известување за стручен испит за одредена испитна сесија кандидатите за стручен испит се пријавуваат со поднесување на соодветна документација, исклучиво по пошта.

2. Документите од кандидатите се разгледуваат во просториите на Државен испитен центар, од страна на соодветни комисии за спроведување на стручниот испит, почитувајќи ги мерките за заштита (носење на заштитна маска/ марама/покривка на лицето, држење на дистанца од 1,5 метар и обезбедување на сите санитарно хигиенски услови).

3. Стручниот испит се реализира во училиште каде што треба да се обезбедат сите санитарно-хигиенски услови.

4. Испитот се реализира во училница, со физичко присуство на кандитатот и испитната комисија и пред учениците.

5. Во училницата физички е присутен и предметниот наставник на одделението од училиштето каде се одржува испитот. Предметниот наставник пред започнување на испитот ги логира учениците кои on-line ја следат наставата, а во тек на часот по потреба при технички проблеми дава поддршка за надминување на истите.

6. Членовите на комисијата се сместени во училница, почитувајќи ги мерките за заштита (носење на заштитна маска/марама/покривка на лицето, држење на дистанца од 1,5 метар).

7. Секој кандидат за стручен испит влегува еден по еден во училница по точно утврден распоред за полагање.

8. Кандидатот што полага стручен испит пред влегување во училница задолжително се дезинфицира со средство за дезинфекција и носи заштитна маска/марама/покривка на лицето.

9. Работното место на кандидатот за стручен испит е одалечено најмалку 1,5 метар од членовите на Комисијата.

10. По завршување на часот за наставниците, односно презентацијата за стручните соработници, Комисијата продолжува со останатите два дела од испитот и на кандидатот му го соопшува резултатот од испитот.

11. Просториите за испит задолжително се проветруваат после секој кандидат, а доколку дозволуваат временските услови прозорците од просторијата се држат отворени.

***Предизвици:**

- Дозвола за влез во средните и основните училишта: на кандидатот за полагање на стручен испит и членовите на комисиите за полагање на стручен испит;
- Кандидати што предаваат практична работа во средните стручни училишта треба да полагаат со физичко присуство на учениците;
- Кандидати што предаваат на деца со посебни потреби во посебни училишта треба да полагаат со физичко присуство на учениците.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. Партизански одреди бр. 29, Поштенски фах 51
в. д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

ISSN 0354-1622

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.

2020252